# KARATE FEDERACIJA NA MAKEDONIJA
# KARATE FEDERATION OF MACEDONIA

@iro smetka 300000000727536 DB 4030001413865 Komercijalna banka - Skopje

Gradski park bb ^lenka na
Svetskata (WKF), Evropskata (EKF)
Ko{. sala Rabotni~ki i
Balkanska Karate Federacija (FBK)
1000 Skopje
Tel/faks. ++ 389 2 32 24 994
www.kfm.com.mk
E-mail:contact@kfm.com.mk


До Карате клубовити членки на Карате федерација на Македонија

Почитувани,

Ве информираме дека Извршниот одбор на КФМ на седницата одржана на 25.08.2012 година, ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Извршниот одбор едногласно го усвои:
   - Записникот од седницата на Извршниот одбор на КФМ, одржана на 30.06.2012 година;
2. Извршниот одбор, едногласно, го усвои извештајот доставен од Петар Косановиќ за реализација на Карате кампот, одржан од 09-15 јули 2012 година, во Апатин, Србија.
3. Извршниот одбор, едногласно, ги усвои следните активности на Карате федерацијата на Македонија:

а) Тренинг со тренерот на Српската карате федерација, Петар Косановиќ (31.08 – 02.09.2012 година).

б) Државен турнир за сениори, 09.09.2012 година, во Скопје.

в) Плеј офф за сениори, 30.09.2012 година.

г) Седница на Собрание на КФМ, 30.09.2012 година.

д) Медитеранско првенство за сениори, 05-07 октомври, 2012 година, Тузла, Босна и Херцеговина.

Извршниот одбор ја усвои официјалната делегација во следниот состав: Елвир Куртановиќ, водач на пат, Бесник Мурати – делегат на Конгресот, тренери на Државна репрезентација: Петар Белистојаноски и Златко Димоски, судија на предлог на Судиска комисија, Лекар – на предлог на Лекарска комисија.

ѓ) Светското првенство за сениори, 21-25 ноември, 2012 година, Парис, Франција.

Извршниот одбор ја усвои официјалната делегација во следниот состав: Бесник Мурати – водач на пат, Горан Милковски – делегат на Конгресот, тренери на Државна репрезентација: Петар Белистојаноски и Златко Димоски, судија на предлог на Судиска комисија, Лекар – на предлог на Лекарска комисија.

Судиската комисија да достави предлог на судии кои ќе полагаат за Светска судиска лиценца.

Патувањето и сместувањето е на трошок на судиите без разлика дали ќе се стекнат со лиценца или не. Карате федерацијата ќе ги надомести трошоците за котизација за полагање на судиите кои за прв пат полагаат за судии со Светско звање, додека на судиите кои веќе имаат постоечка Светска лиценца и полагаат за повисоко звање ќе им ги рефундира трошоците единствено за котизација за полагање доколку положат.

Карате федерацијата на Македонија, согласно Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на РМ, ќе ги сноси трошоците за Тодорче Ристевски и Ферат Корбулиќи, доколку се пласираат за настап на Светското првенство за сениори во Парис.

4. Извршниот одбор го разреши Коста Николовски од функцијата Претседател на Натпреварувачката комисија и едногласно избра Натпреварувачката комисија во следниот состав:
   1. Зоран Дервишов – претседател,

2. Бојан Наумов- член,
3. Субхи Ал Барагони – член,
4. Благоја Мешковски – член,
5. Бранко Тасевски – член,
6. Владимир Медарски – член,
7. Арбен Алији – член.

5. Извршниот одбор го усвои барањето на КК Металург, плеј оффот за сениори да се одложи од предвидениот датум, 23.09.2012 година, заради учество на натпреварувачот Огнен Груевски на натпреварите од Карате 1 - Премиер лигата на СКФ. Плеј оффот за сениори ќе се одржи на 30.09.2012 година.

Срдечни поздрави,

Претседател,
Драган Стојановски